РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 08 – 776/5
12. 12 2024 год.
ВЕЛЕС

# СОУ „ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН“ – ВЕЛЕС

# ПРОГРАМА

## ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ВТОРА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

**Велес, 2024/2025**

**Програма за училишна екскурзија во средно образование во СОУ "Гимназија Кочо Рацин" - Велес за учебната 2024/2025 година**

## Содржина на програмата за училишна екскурзија:

- Услови за реализација
- Воспитно-образовни цели
- Задачи
- Содржини и активности
- Раководител на екскурзијата, професори и ученици
- Тим за водење на екскурзијата
- Времетраење на екскурзијата
- Локации за посета и правци на патување,
- Техничка организација
- Начин на финансирање
- Кодекс на однесување на учениците на екскурзијата
- Изјава од родителот /старателот

***Врз основа на ПРАВИЛНИКОТ за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта со бр.07-9992/3 од 05.03.2014 година, на предлог на Директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата редовна седница одржана на ден 15.10.2024 година, донесе Одлука за формирање на Стручен тим и Комисија за екскурзии.***

1. За подготовките ***од стручно - педагошко - организационен и безбедносен карактер*** во изведувањето на оваа училишна екскурзија за учебната 2024/2025 година е формиран стручен тим во состав:

1. Илија Попов – Директор
2. Марија Стојановска – училишен педагог
3. Анита Смилевска – училишен психолог
4. Ленча Перчинковска – училишен едукатор и рехабилитатор
5. Магдалена Сарагинова – раководител на паралелка
6. Марјан Стојановски – раководител на паралелка
7. Пале Трпкова – раководител на паралелка
8. Билјана Миланова – раководител на паралелка и раководител на екскурзија
9. Линдита Маликова – раководител на паралелка
10. Јулијана Михова – предметен наставник

Училишната екскурзија е со општ карактер и треба да ги задоволи следните цели:

2. **Општа цел** на екскурзијата се:

1. Усвојување и проширување на знаењата од повеќе области (историјата, географијата, македонскиот јазик и литература, албанскиот јазик и литература, уметностите, урбаната култура, меѓуетничка интеграција, иновациите и претприемништвото и др.);
2. Развивање нови интереси и проширување и продлабочување на постоечките;
3. Запознавање со културно-историските, национални и естетски вредности на други места;
4. Примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на одредени појави, природните убавини, културно-историските знаменитости на поблиската и пошироката заедница;

3. **Воспитно - образовни задачи** на екскурзијата

1. Запознавање со културата, историјата и други знаменитости на другите општини;
2. Запознавање со културата, стилот на живеење и други занимливости на поедини области, региони и градови;
3. Формирање позитивен однос кон националните, културно-историските и естетски вредности на другите места во државата;
4. Развивање, потикнување и манифестирање позитивни емоции спрема другите луѓе;
5. Подобрување и воспоставување на меѓусебните релации, развивање и негување на другарството низ заеднички прошетки, солидарност, рекреација и забава;
6. Формирање и потикнување демократски ставови спрема материјалните и духовните добра;
7. Развивање и потикнување на колективната свест за заштита на материјалната, општествената и животна средина).
8. Да се прошират веќе стекнатите знаења за природните убавини на Охрид, Св. Наум, Бигорски Манастир, Вевчански извори, Шарена Џамија – Тетово и др.

4. **Содржини и активности**

- Посета и набљудување на познати нацинални, културно-историски места, локалитети и знаменитости на Охрид, Струга, Бигорски Манастир, Вевчански извори, Тетово и др.
- Организирање прошетки, посета на организирани настани, организирање забавни интерактивни вечери и сл.
- Рекреативни активности соодветни за возраста и интересот на учениците со активно учество на професорите
- Одмор и релаксација со слушање музика

5. **Раководител, наставници и ученици**

Раководителот на екскурзијата го именува Директорот од редот на наставниците кои ја реализираат настава во паралелките со кои ќе се изведе екскурзијата.
За раководител на екскурзијата е именувана Билјана Миланова наставник по Француски јазик и раководител на паралелка II-4.

Паралелки и класни раководители кои ќе бидат вклучени во изведување на екскурзијата:

II-1 - Магдалена Сарагинова
II-2 - Марјан Стојановски
II-3 - Пале Трпкова
II-4 - Билјана Миланова
II-5 - Линдита Маликова

Ученици кои ќе земат учество во екскурзијата се од паралелките : II-1, II-2, II-3, II-4, II-5

6. **Времетраење на екскурзијата**

Научно-истражувачката екскурзија (се организира еднаш во текот на втората година од средното образование, ќе трае најмногу 2 (два) дена со 1 (едно) ноќевање и ќе се реализира во месец април – мај – или почетокот на месец јуни.

Почитувајќи го интересот на учениците и родителите (анкетен прашалник) во однос на екскурзијата, предвидено е истата да се релизира на релација (локации за посета и правци на патување):

**Велес – Тетово – Бигорски Манастир – Вевчани – Струга – Охрид – Св. Наум – Велес**

**Прв ден:**

Заминување за Тетово и посета на Шарена Џамија. Потоа групата се упатува кон Бигорскиот манастир. По посетата на Бигорскиот манастир групата се упатува кон Вевчани каде се посетуваат изворите и се остава време за индивидуален ручек во Вевчани. Потоа групата се упатува кон Струга и посета на манастирот во Калишта. По завршувањето на посетата на манастирот во Калишта групата се упатува кон Охрид каде се сместува во хотел со организирана вечера, вечерна забава и ноќевање.

**Втор ден:**

Денот започнува со појадок на групата и пешачка тура со посета на куќата на Робевци, црквата Св. Софија, Антички театар, Самоилова тврдина, Плаошник и Св. Јован Канео. По пешачката тура групата се упатува кон манастирот Св. Наум. Во текот на патувањетогрупата ќе има можност за уживање во убавините на Охридското езеро и панорамскиот поглед на националниот парк Галичица. По пристигнувањето и разгледувањето на манастирот Св. Наум групата ќе има слободно време во комплексот за индивидуални активности и ручек. Потоа следи враќање и пристигнување во Велес во вечерните часови.

7. **Техничка организација на изведувачот**

Техничката организација на екскурзијата е под надлежност и водство на избраниот оператор кој треба да ги исполни критериумите утврдени во член 21 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од средните училишта, а особено:

- Екскурзијата треба да биде изведена со висококвалитетен автобус (со клима уред и телевизор) обезбеден од страна на агенцијата која ќе ја изведува екскурзијата,
- Да има обезбедено претставник од агенцијата, односно водич, а при посетата на локалитети да има организирано локални водичи,

- Агенцијата треба да има обезбедено соодветна здравствена заштита со присуство на доктор и потребна медицинска опрема за прва помош прилагодена за патнички и теренски услови,
- Агенцијата треба да обезбеди соодветни услови за сместување: хотел со (најмалку) 3 ѕвезди, мени на исхрана (со организирана вечера и доручек во хотелот во кој ќе се престојува),
- Агенцијата треба да обезбеди патничко и здравствено осигурување на учениците,
- Агенцијата треба да обезбеди влезници за посета на знаменитости и организирање на забавна вечер.

**Стручниот тим, односно Комисијата за прибирање на понуди за организација на екскурзијата особено ги истакнува и следи минималните услови цитирани во Поканата за избор на најповолен понудувач, во која ќе бидат пропишани и техничко организационите услови кои треба да ги исполни низбраниот оператор**

## 8. Начин на финансирање

- ✓ екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите, со можност за плаќање на најмалку три рати, вклучувајќи поволности за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.
- ✓ цените во понудите да бидат фиксни, односно да нема корекција на цени во текот на реализација на договорот;
- ✓ во цената да влегува патничкото и здравствено осигурување на учениците, како и сите влезници.

**Стручен тим за подготовка на Програмата за училишни екскурзии за II (втора) година во учебната 2024/2025 година**

1. Илија Попов – Директор ____________
2. Марија Стојановска училишен педагог ____________
3. Анита Смилевска – училишен психолог ____________
4. Ленча Перчинковска – училишен едукатор и рехаб. ____________
5. Магдалена Сарагинова – раководител на паралелка ____________
6. Марјан Стојановски – раководител на паралека ____________
7. Пале Трпкова – раководител на паралелка ____________
8. Билјана Миланова – раководител на паралелка ____________
9. Линдита Маликова – раководител на паралелка ____________
10. Јулијана Михова – предметен наставник ____________